**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Музичко образование

# за IV одделение

**Скопје, 2021 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Музичко образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IV (четврто) |
| **Наставни теми на наставната програма** | ***1. Слушање музика***<br>***2. Пеење, свирење и играње*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно /36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре).<br>• Детски мелодиски инструменти: ксилофон, металофон, блок-флејта, шупелка, дудук, двојанка.<br>• Жичени инструменти: мандолина, прим, укулеле, гитара, тамбура.<br>• Разни извори на учење од природата и непосредната околина – листови хартија во боја, суви лисја од дрвјата, дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата.<br>• Печатени материјали (прирачници, магазини, весници).<br>• Дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации).<br>• Уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-плеер, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор, паметна табла).<br>• Клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички инструмент.<br>• Аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина.<br>• Изработени постери за на ѕид (во училницата) од ноти/други музички симболи/кратки дефиниции за музичката терминологија: темпо, ритам итн. (https://www.pinterest.com/meganhighfill/dream-music-room/) |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во четврто одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничкото изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката прифаќа дека:* |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура*** и ***Техника, технологија и претприемништво.***

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, |

| | |
|---|---|
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки, |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење, |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус  итн.), |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација, |
| VI-A.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата, |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации, |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество, |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЛУШАЊЕ МУЗИКА***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. препознава музички инструменти (кларинет, флејта) и глас (машки, женски, детски) во хорски изведби,
2. разликува вокално-инструментални, инструментални и вокални композиции од различни музички стилови и жанрови,
3. препознава темпо, динамика и карактер во слушнати композиции,
4. препознава народни песни, игри и инструменти (кавал/фуел) на етничките заедници кои живеат во Република Северна Македонија.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Музички инструменти и гласови (вокална, инструментална и вокално-инструментална музика, соло и оркестарска изведба, музички инструменти: кларинет,флејта; детски гласови: | • Препознава кларинет и флејта, визуелно и звучно.<br>• Разликува композиции од вокална, инструментална и вокално-инструментална изведба.<br>• Разликува женски, машки и детски гласови (дискант и алт). |

| | |
|---|---|
| дискант и алт). | • Разликува соло и оркестарска изведба. |
| • Видови музика (класична музика, музика за деца , музика од анимиран филм, народна музика, популарна музика, свечена песна – химна).<br>*(Истите видови музика се повторуваат во сите одделенија, но во секое следно одделение се воведуваат нови посложени дела/композиции за слушање.)* | • Идентификува во кој вид музика спаѓа новослушната композиција врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала.<br>• Наведува најмалку две композиции од секој вид музика.<br>• Ја препознава музичката тема/мелодијата при различни жанровски изведби (обработки) на иста композиција.<br>• Го препознава начинот на изведбата на химната (солисти, хор, оркестар). |
| • Музички изразни средства (темпо, анданте, алегро, модерато, забавување, забрзување, динамика – форте, пијано, крешендо, декрешендо, строфа, рефрен). | • Идентификува строфа и рефрен.<br>• Препознава темпо (анданте, алегро, модерато) и динамика (форте, пијано, крешендо, декрешендо) во слушаните дела.<br>• Разликува промена на темпото (забавување/забрзување) и динамиката (појачување/стишување) во слушаните дела.<br>• Опишува карактер на слушнатото дело (весело, тажно, игриво) со користење стручни изрази за темпо и динамика. |
| • Народно музичко творештво (народни песни, игри, музички инструменти – кавал). | • Идетификува карактеристична народна песна и народна игра/оро од секоја етничка заедница во Република Северна Македонија.<br>• Препознава кавал, визуелно и звучно. |

**Примери за активности**

- Преку видеопрезентација на оригинални дела за слушање (еден став) и обработки на инструментални дела, каде што кларинетот и флејтата се истакнуваат како солистички инструменти наставникот ги запознава учениците со овие инструменти. Учениците со внимание до крај ги слушаат делата, ги препознаваат и разликуваат флејтата и кларинетот според звучноста, нивната форма и изглед.
- Наставникот презентира разни музички примери од инструментална и вокална музика, разни вокално-инструментални композиции, разни музички состави, оркестри и солисти. Учениците фокусирано слушаат од почеток до крај, а притоа разликуваат инструментални, вокални и вокално-инструментални изведби на композиции и прават разлика меѓу соло и оркестарска изведба.
- Преку презентација на песна за мајката, по повод 8 Март, во изведба на детски хор со оркестарска придружба, учениците се запознаваат со карактеристиките на детските гласови (разликуваат дискант и алт). Идентификувајќи строфа и рефрен го препознаваат хорот и оркестарот.
- Слушајќи целосни хорски композиции напишани за разни видови хорови (женски хор, машки хор, мешан хор), учениците ги препознаваат и разликуваат женските и машките гласови.

- Преку презентација на аудио- и видеоснимки на веќе слушани и нови примери (цели ставови, не фрагменти) од разни оригинални музички композиции и нивни обработки во различни стилови, учениците ги споредуваат новите со претходно слушаните дела од различен вид музика, ја препознаваат обработената музичка тема/мелодија во различни стилови/жанровски изведби на музика: класична, народна и поп-музика, музика за деца, музика од анимиран филм.
- Наставникот демонстрира различни изведби (солистички, хорски, оркестарски) на химната на државата, а учениците го препознаваат видот на изведбата, ја пеат химната со обработен текст.
- Наставникот преку ИКТ презентира музички дела од различен карактер и содржина во различно темпо и динамика. Учениците забележуваат промена на темпото и динамиката и користејќи стручни изрази го опишуваат карактерот на делото.
- Преку аудиозаписи/видеозаписи од народни песни и народни игри/ора, карактеристични за различните етнички заедници кои живееат во Република Северна Македонија каде што кавалот се јавува во одредени солистички делници, но и како солистички инструмент, учениците ги идентификуваат карактеристиките на народните песни и народните игри/ора и во истите го препознаваат кавалот според звучноста и изгледот.

**Препорачани композиции за реализација на темата:**
https://www.youtube.com/watch?v=v0UcnIXGNSM – В. А. Моцарт, класична музика за деца – музика за флејта.
https://www.youtube.com/watch?v=v-zkDkPkDps, – В. А. Моцарт, класична музика за деца – музика за флејта.
https://www.youtube.com/watch?v=ie-TS-BitnQ, – Џорџ Гершвин, *Рапсодија во сино*, концерт за кларинет.
https://www.youtube.com/watch?v=YT_63UntRJE&t=9s – В. А. Моцарт, концерт за кларинет во А-дур.
https://www.youtube.com/watch?v=-dteg8vmmMA – Григ, *Пештера на шумскиот крал* (забрзување, појачување).
https://www.youtube.com/watch?v=19piJKYvBFU&list=RD19piJKYvBFU&index=24 – Концертна изведба на музика за анимиран филм.
https://www.youtube.com/watch?v=RYeG03NaRS8 – Музика од детски музички фестивал.
https://www.youtube.com/watch?v=dblDatrSSSo – Музика од детски музички фестивал.
https://www.youtube.com/watch?v=vPy12CCqWEg, – Сплет песни, детски хор „Мали ангели“ (популарна музика).
https://www.youtube.com/watch?v=cK466Q1RUCc – „ДМУ Сергеј Михајлов“, детски хор (популарна музика).
https://www.youtube.com/watch?v=2YD8Pcwe8sM – Васка Илиева, *Засвирил Стојан, посвирил* (глас и кавал).
https://www.youtube.com/watch?v=rwMkBhG2Ke4&list=PLN0F2WUiDkorgCexXHN3gMQWyzFF2J75F – Кавал езгија *Шупли камен.*
https://www.youtube.com/watch?v=tyRE4bOwLw4 – Bosanske sevdalinke/*Босански севдалинки*.
https://www.youtube.com/watch?v=jo2b8WiZmEo – *Ritu moj bajame/Порасни бадему* (обработка на песна за хор и инструментален состав)
https://www.youtube.com/watch?v=KT_n1CofZV0 – Тоше Проески, влашка песна.
https://www.youtube.com/watch?v=UiIcfH0_Z3g – Есма Реџепова, *Ерделези.*
https://www.youtube.com/watch?v=eRh9YAGnkcg – Вејчеслав Поповски, *Денес над Македонија се раѓа* (солист).
https://www.youtube.com/watch?v=o0Q2iFU-WMU – Химна на Македонија (инструментална изведба).
https://www.youtube.com/watch?v=Fqi2ZSL6Nuc – Химна на Македонија, вокално - инструментална изведба, мешан хор.
https://www.youtube.com/watch?v=s9LHVNwN47k – „Танец“, *Борјано, Борјанке* (слушање и пеење по слух).

https://www.youtube.com/watch?v=Fdrn3BJbanY – Ансамбл „СИРМА“, *Доне мамино* (слушање и пеење по слух).
https://www.youtube.com/watch?v=1Z_EaMZTPZ8 – Хор „Македониум“, *Ако одам во Битола* (слушање, машки хор).
https://www.youtube.com/watch?v=HHGhrHOt2EU – Албанска народна музика (кавал).
https://www.youtube.com/watch?v=GJjryyq2zrY – Српска народна музика (кавал).
https://www.youtube.com/watch?v=5b-vlg4RsCo – Турска народна музика (кавал).
https://www.youtube.com/watch?v=BWmbmsWDvT0 – Влашка народна музика (кавал).

Тема: ***ПЕЕЊЕ, СВИРЕЊЕ И ИГРАЊЕ***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. пее детски, традиционални и уметнички песни по слух со различен карактер и содржина,
2. свири на детски музички инструменти по слух со правилна техника на свирење со употреба на изучените музички елементи,
3. пее и свири едноставни мелодиски вежби по нотен запис со употреба на изучените музички елементи,
4. се изразува креативно (согласно карактерот на музиката) преку учество во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи.

Ученикот/ученичката ќе:

5. ја развива креативноста и музичкото изразување преку пеење, свирење и играње.

| **Содржини** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Пеење песни по слух во опсег до 1 – до 2. | • Пее најмалку 3 песни за деца и/или популарни песни во опсег до 1 – до 2.<br>• Пее во група со усогласено темпо, динамика и ритам (забрзување/забавување; појачување/стишување).<br>• Пее песни по слух со текст, во одреден ритам и интонација, со одредено темпо и динамика. |
| • Пеење по нотен запис (тонови: до 1, ре 1, ми 1, сол 1, ла 1; траења: четвртина, половина и цела нота и соодветни паузи; знак за повторување; тонови: фа 1, си 1, до 2, само за визуелно препознавање на петолиние). | • Чита парлато нотен запис на едноставна ритмичка вежба на една линија со неутрален слог – **та** со тактирање.<br>• Чита парлато едноставна мелодиска вежба со именување на тоновите со тактирање.<br>• Пее едноставна мелодиска вежба со тактирање. |
| • Свирење на детски музички инструменти | • Повторува кратки ритмички целини по слух.<br>• Повторува кратки мелодиски целини по слух. |

| | |
|---|---|
| (тонови: до 1, ре 1, ми 1, сол 1, ла 1; траења: четвртина, половина и цела нота и соодветни паузи; знак за повторување; тонови: фа 1, си 1, до 2, само за визуелно препознавање на петолиние). | • Свири кратки ритмички вежби по нотен запис со една линија.<br>• Свири едноставни мелодиски вежби во одреден ритам, со правилна техника по нотен запис.<br>• Свири едноставни мелодиски вежби со изучените тонови и траења на ноти и паузи, со одредено темпо и динамика. |
| • Учество во музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер, музички игри поврзани со промени во динамиката, ритамот и темпото). | • Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски музички инструменти.<br>• Изведува движења со точен ритам, темпо, правилна ориентација во просторот, со реагирање на динамиката и разликите во музичките целини. |
| • Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/создавање). | • Свири на детски музички инструменти како придружба на изучените песни и вежби.<br>• Креира кратки мотиви и фрази со мелодиски инструменти во музичките игри и музичките приказни.<br>• Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката, и истите ги изведува. |

**Примери за активности**

- Наставникот пее кратки целини на неутрален слог или со текст, а учениците повторуваат по слух, групно и индивидуално. https://web.solfeg.io
- За пеење песни по слух наставникот ја демонстрира песната со пеење или преку аудиоснимка, а преку визуелна претстава за литературниот текст дискутира со учениците за содржината, непознатите зборови и карактерот. Потоа учениците го вежбаат изговорот и артикулацијата „парлато“. Учениците се распејуваат со технички вежби по насока на наставникот, кој ги одредува местата за земање воздух (дишење и фразирање), а учениците пеат по фрази, реченици и строфи (наставник – ученици) и на крајот цела песна, индивидуално и групно, со правилна импостација на гласот.
- Наставникот пее кратки целини со именување на тоновите: до, ре, ми, сол, ла, како подготовка за пеење по нотен запис. Учениците повторуваат по слух, групно и индивидуално. На пример, учениците играат игра *Отсвири го последниот тон*. Сите ученици се движат полека околу столчето со металофон во центарот. Наставникот свири на пијано или ги пее изучените ноти. Застанува на различни места, а ученикот/ученичката кој/која во тој момент е најблиску до металофонот погодува кој е последниот тон што наставникот го отсвирил/отпеал и истиот го свири на металофонот. Ако направи грешка, тој/таа е надвор од игра. Победник е ученикот/ученичката кој/која останува последен/последна. http://www.primaryresources.co.uk/music/music.htm
- Наставникот демонстрира разлика во динамиката (форте/пијано, крешендо/декрешендо) со помош на ритмички секвенци со рацете (а може да користи и различни предмети: стапчиња, пластични чашки, рачни тропалки). Учениците седат во круг и си ги подаваат

предметите во изведената ритмичка секвенца. https://www.youtube.com/watch?v=aPX2jfMrUlU&ab_channel=JoniMStephenson

- Учениците вежбаат препознавање на висината на тонот и темпото преку движење, при што наставникот свири на некој мелодиски музички инструмент (од бавно кон забрзано темпо), а тие застануваат во круг. На високите тонови ги креваат рацете високо, на ниските го свиваат телото или чучнуваат, а на тоновите во средишниот регистар се исправаат со рацете раширени на страна.
- Наставникот им пушта на учениците видеоснимки/аудиоснимки од народни ора и песни, карактеристични за различните етнички заедници кои живееат во Република Северна Македонија (по една за секоја), а учениците пеат и/или играат во соодветниот ритам и го следат ритамот со детски ритмички инструменти и тропалки.
- Учениците изведуваат мелодиско-ритмичка придружба со детски музички инструменти, со примена на изучените нотни вредности (цела, половина и четвртина нота) на различни композиции.
- Учениците осмислуваат кореографии за разни композиции, согласно карактерот на музиката и содржината на текстот.
- Учениците со помош на наставникот ги поставуваат позициите на научените тонови и траења (до, ре, ми, сол, ла, до 2, цела, половина и четвртина нота) на мелодиските инструменти и ги свират прво поединечно, а потоа свират кратки мотиви составени од 2-3 тона (еден такт), кои ги повторуваат по слух по наставникот, групно и индивидуално.
- Наставникот свири кратки целини на металофон, ксилофон или на детски инструмент со клавијатура и истовремено ги пее со именување на тоновите (до, ре, ми, сол, ла), а учениците повторуваат само со свирење или со свирење и пеење, групно и индивидуално.
- Учениците изработуваат инструменти од различни материјали: кутии, ластичиња, цевки, хартиени чинии, хартиени чашки (на пример, https://www.youtube.com/watch?v=EQSj7a1FzuA https://www.youtube.com/watch?v=7sUNXA4NYKI).
- Наставникот демонстрира музичко-ритмичка секвенца со користење топка, а учениците ја повторуваат. Потоа секој ученик/ученичка создава своја ритмичка игра (може да се користат и други предмети: балони, тениски топчиња, шарени пинг-понг топчиња).
- Учениците се делат во парови, при што едниот свири импровизирана музичка фраза од еден такт на некој од инструментите, користејќи ги веќе научените тонови, динамика и темпо, а другиот го повторува истото на својот инструмент.
- Наставникот им дава неколку комбинации од напишани мелодиски и ритмички тактови на учениците, а тие според својата идеја и замисла креираат композиција од 4 такта.
- Учениците стојат во круг меѓусебно фатени со растегливи ленти, ластици или марами, при што на музика со различна динамика го шират или го стеснуваат кругот (за пијано – се движат на прсти и газат тивко, а кругот го стеснуваат; за форте – чекорат гласно со нозете и ги креваат рацете нагоре).

**Препорачани композиции за реализација на темата:**

https://www.youtube.com/watch?v=OvPjtolajZk – Камиј Сен Санс, *Карневал на животните*, финале.
https://www.youtube.com/watch?v=qJT6kPp-c3o – В. А. Моцарт, *Рондо ала турка*.
https://www.youtube.com/watch?v=gFanayBhyeA, – Шостакович, концерт за пијано, бр.2 (видеото е поврзано со приказната „Оловното војниче“ од Х. К. Андерсен, започнува од 1.19).

https://www.youtube.com/watch?v=dihJ1w48Jh0 – *Земјата на музиката*, поврзано со оркестарот – гудачки и дувачки инструменти кои се натпреваруваат).
https://www.youtube.com/watch?v=DN5HfZL-zS4 – Александар Сариевски, *Зајко кокорајко* (за музичка игра, драматизација).
https://www.youtube.com/watch?v=EO18yDKisSA&list=RDEDe34Z3aAmc&index=17 – *Оро води Ангелина* (за музичка игра, драматизација).
https://www.youtube.com/watch?v=8ovLHOoSFGY&list=PL4uC6euy1TB31DW5Nl7bRbaaIYSqMpIGO&index=13, – пејачка група „Мегленки“, *Тропат чукат тапаните* (пеење по слух).
https://www.youtube.com/watch?v=mZqWeYHGDQk – *Najlepša narodna kola/Најубави народни ора* (српски игри).
https://www.youtube.com/watch?v=3Ar7PdrNSRo – Игра „*На растојание*“.
https://www.youtube.com/watch?v=mCN42kAD9qM – Свирење и играње во ритам.
https://www.youtube.com/watch?v=qti8j5xKqSQ – Ритмички вежби со ударни инструменти.
https://www.youtube.com/watch?v=caQWvnAzR7Q – *Бројалица*, детски хор „Колибри“.
https://www.youtube.com/watch?v=_XKMVtOQWZM – Valle të bukura shqiptare kërcyer nga fëmijët/Сплет од убави детски албански танци.
https://youtu.be/s_8dRHDClSw – Сплет турски танци (фрагменти по избор на наставникот).
https://www.youtube.com/watch?v=r2snXIHJIe4 – *Erdelezi (Ѓурговден).*

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди во наставата (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа се настојува да се обезбеди баланс во однос на полот. При избор на наставните материјали се користат примери кои промовираат интеркултурализам (на пример, песни и фолклор на јазиците на етничките заедници).

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од предметот *Музичко образование* со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување  (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);
- практичната изведба во група.

При следењето на постигањата на учениците наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап за постигањата на секој ученик/ученичка поединечно. Сите изведбени активности на ученикот/ученичката се оценуваат според активното учество, а не според нивото на развиеност на слухот, пејачкиот глас и моторичките способности.

На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка на постигнатите стандарди за оценување. На крајот од учебната година учениците добиваат бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2021/2022 година |
| **Институција/ носител на програмата** | Биро за развој на образованието |

| | |
|---|---|
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичко образование* за IV одделение.** | бр. 08-7413/14<br>10.05.2021 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска, с.р. |